# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 11.05.2017 год.** | **Уредува:** |
| | | **Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба** | **Број 03 - Година 2017** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 09.05.2017 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година;
2. Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година;
3. Одлука за прифаќање на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во источно плански регион во рамките на ИПА 2;
4. Одлука за усвојување на дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
5. Одлука за усвојување на финансиски извештај на работењето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2017 до 31.03.2017 година;
6. Заклучок за Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево;
7. Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево;
8. Заклучок за дополнувањето на Одлуката за висина на цената на услугата извршена со основно средство Хилта сопственост на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
9. Заклучок за Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево со градските гробишта;
10. Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година;

11. Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2017 година - прв ребаланс;
12. Одлука за краткорочно задолжување на Општина Пехчево за дореализација на проектот Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите;
13. Одлука за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с.Спиково на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;

Бр. 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

## **Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

## **О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година и годишниот финансиски извештај за 2016 година кој е составен дел од годишниот извештај за работењето.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година и годишниот финансиски извештај за 2016 година, се составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-500/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година

Член 2

Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-501/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за прифаќање на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во источно плански регион во рамките на ИПА 2**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за прифаќање на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во источно плански регион во рамките на ИПА 2, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1 — Градоначалник на
09.05.2017 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 10 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година, на предлог на градоначалникот на општина Пехчево, донесе:

**ОДЛУКА**
**За прифаќање на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на Регионален систем за управување со отпад во Источниот плански регион во рамките на ИПА 2**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа Договор за спроведување на проекти за воспоставување на Регионален систем за управување со отпад во Источниот плански регион во Рамките на ИПА 2 кој треба да се потпише помеѓу: Министерството за животна средина и просторно планирање, Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источниот плански регион, Општина Пехчево и ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, заради успешно спроведување на пет проекти во рамките на повеќегодишната Секторска оперативна програма за животна средина и климатски акции за ИПА II (2014-20120).

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Пехчево да го потпише Договорот за спроведување на проекти за воспоставување на Регионален систем за управување со отпад во Источниот плански регион во Рамките на ИПА 2.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-502/1 — Совет на општина Пехчево
09.05.2017 година — Претседател
Пехчево — Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на Општина Пехчево го усвојува дополнувањето на годишниот план за јавни набавки на ЈКП Комуналец - Пехчево за 2017 година бр. 09-264/1 од 12.04.2017 год.

**Член 2**

Дополнувањето на годишниот план за јавни набавки на ЈКП Комуналец со бр. 09-264/1 од 12.04.2017 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево..

Бр.08-503/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на финансиски извештај на работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2017 до 31.03.2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на финансиски извештај на работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2017 до 31.03.2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на финансискиот извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2017 год. до 31.03.2017 год.**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година.

**Член 2**

Финансискиот извештај за работењето на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-504/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градски гробишта во Пехчево со бр. 02-278/3 од 19.04.2017 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја усвои Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево со бр. 02-278/3 од 19.04.2017 година, поради тоа што нема соодветна анализа и доволно информации за истата.

Бр.08-505/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево со бр. 02-278/4 од 19.04.2017 година со следната

Препорака: Наведените цени во одлуката да се зголемат за 10% и вкупните приходи соберени во текот на годината од издавање на тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево да се употребат за изработка (набавка) на нови тезги.

**Член 2**

Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево со бр. 02-278/4 од 19.04.2017 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-506/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за дополнувањето на Одлуката за висина на цената на услугата извршена со основно средство Хилта сопственост на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за дополнувањето на Одлуката за висина на цената на услугата извршена со основно средство Хилта сопственост на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за дополнувањето на Одлуката за висина на цената на услугата извршена со основно средство Хилта сопственост на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не го усвои дополнувањето на одлуката за висина на цената на услугата извршена со основно средство Хилта сопственост на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со бр. 02-278/5 од 19.04.2017 година, поради тоа што цената на услугата на трети лица со основно средство „Хилта„ ќе се изрази во работни часови, а не во $м^3$;

Бр.08-507/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието со градските гробишта, што советот на општина Пехчево го донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1<br>09.05.2017 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Игор Поповски с.р**.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП „Комуналец„ - Пехчево со градските гробишта**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја усвои Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево со градските гробишта, согласно Законот за гробишта и погребални услуги, поради тоа што нема соодветна анализа и доволно информации за истата.

Бр.08-508/1<br>09.05.2017 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година.

**Член 2**

Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-509/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2017 година - прв ребаланс**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2017 година - прв ребаланс, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1 Градоначалник на
09.05.2017 год. Општина Пехчево
Пехчево Игор Поповски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 29 став 1 Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.61/04, 96/04 и 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на измените и дополнувањата на Буџетот на општина Пехчево за 2017 година - прв Ребаланс на Буџетот**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ги усвојува измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2017 година.

**Член 2**

Составен дел од оваа Одлука се измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2017 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-510/1 Совет на општина Пехчево
09.05.2017 година Претседател
Пехчево Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за краткорочно задолжување на Општина Пехчево за дореализација на проектот Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за краткорочно задолжување на Општина Пехчево за дореализација на проектот Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р.

---

Во врска со член 4 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ број 62/05), а врз основа на член 18 и 19 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 61/04,96/04,67/07, и 156/09), член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) и член 30 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево (Сл. Гласник на Општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на ден 09.05.2017 година донесе

**ОДЛУКА**
**За краткорочно задолжување на Општина Пехчево**

Член 1

Со оваа одлука се уредува краткорочно задолжување на Општина Пехчево, вид и цел на задолжувањето, максималниот износ на задолжувањето.

Член 2

Краткорочното задолжување на општината е од општ јавен интерес и има економска и финансиска оправданост.

Член 3

Цел на задолжувањето е реализација на проект и тоа:

Дореализација на проектот Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите - ФОЛКЛОР, од Програмата Interreg - IPA CBC BG-MK CCI No: 2014TC16I5CB006 со регистерски број CB006.1.21.166.

Член 4

Максималниот износ на задолжувањето изнесува 13.300.000,00 денари.

Вкупниот износ на непристигнат краткорочен долг на општината неможе да го надмине износот на вкупните приходи на тековно оперативниот буџет на општината во претходната година.

Член 5

Вкупната отплата на долгот направена врз основа на краткорочно задолжување неможе да надмине 20% од вкупните приходи на тековно оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

Вкупниот износ на недостасан краткорочен долг на општината вклучувајќи ги и сите издадени гаранции не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно операстивниот буџет на општината во претходната година.

Средствата обезбедени со краткорочно задолжување ќе се користат за намената за која се одобрени.

Член 6

За краткорочното задолжување на општината потребна е претходна согласност од Владата на РМ , врз основа на претходно позитивно мислење од Министерството за финансии.

Член 7

По добивањето на писмената согласност од Владата на РМ, општината започнува постапка за задолжувањето, во исти услови и рамки под кои е одобрено и барањето на општината за краткорочно задолжување.

Член 8

Општината е должна да потпише Договор за кредитирање и истиот да го достави во рок од 10 работни денови до Министерството за финансии.

Член 9

Во случај да настанат значајни промени на финансискиот пазар од моментот на носењето на оваа Одлука до реализирањето на целосната постапка за краткорочно задолжување, условите предвидени со оваа Одлука може да бидат изменети и усогласени со измена и дополнување на истата.

Член 10

Советот на Општина Пехчево со донесувањето на оваа Одлука го одобрува краткорочното задолжување.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.08-511/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с.Спиково на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с.Спиково на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 09.05.2017 година.

Број 09-514/1
09.05.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Игор Поповски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 09.05.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за пренесување на правото на користење и управување со**

**водоснабдителниот систем за с.Спиково на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

Член 1

Со оваа одлука советот на општина Пехчево го пренесува правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с. Спиково (резервоар за вода - $50m^3$, разводна мрежа), на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

Член 2

Пренесување во владение на објектот на комуналната инфраструктура од член 1 од оваа Одлука ќе го изврши пописна комисија што со решение ќе ја формира Градоначалникот на општината во која ќе има и член од ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-512/1
09.05.2017 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Стојче Стефановски с.р

**СОДРЖИНА:**


- Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2016 година ________________________________________ 3;
- Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на програмата за развој на источен плански регион 2015-2019 за 2016 година________________________ 4;
- Одлука за прифаќање на Договор за спроведување на проекти за воспоставување на регионален систем за управување со отпад во источно плански регион во рамките на ИПА 2 ________________________________________________________ 5;
- Одлука за усвојување на дополнувањето на годишниот план за јавни набавки за 2017 година на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево _________________________________ 6;
- Одлука за усвојување на финансиски извештај на работењето на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2017 до 31.03.2017 година _____________________ 7;
- Заклучок за Одлуката за промена на висина на цена за влез на оператор за погребување за користење на инфраструктурата на градските гробишта во Пехчево _____________ 8;
- Одлука за усвојување на Одлуката за утврдување на висина на цена за користење на пазаришни тезги и поле за време на пазарен ден, за непазарни денови и цени за месечни резервации на пазаришни тезги и полиња на градскиот пазар во Пехчево __________ 9;
- Заклучок за дополнувањето на Одлуката за висина на цената на услугата извршена со основно средство Хилта сопственост на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ____________ 10;
- Заклучок за Одлуката за усогласување на стопанисувањето на претпријатието ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево со градските гробишта __________________________ 11;
- Одлука за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година _________________ 12;
- Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на буџетот на општина Пехчево за 2017 година - прв ребаланс ____________________________________________ 13;
- Одлука за краткорочно задолжување на Општина Пехчево за дореализација на проектот Платформа за меѓуграничен фестивалски туризам на полето на културата и традициите_14;
- Одлука за пренесување на правото на користење и управување со водоснабдителниот систем за с.Спиково на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево _________________________ 16;